проф. д-р Лазар Нанев
проф. д-р Иван Анастасовски
проф. д-р Гордана Лажетиќ
м-р Фатиме Фетаи

# ВАУЧЕРОТ, НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТОТ ИЛИ ИЗВОР НА КОРУПЦИЈА?

Септември, 2022

**Наслов на проектот:**
Научно – итражувачки проект, Ваучерот како начин на финансирање или корупција во спортот

**Издавач:**
Геостратешки Институт ГЛОБАЛ

**Уредник и техничка изработка на публикацијата:**
проф. д-р Лазар Нанев

**Автори-Истражувачи:**
Лазар НАНЕВ, Гордана ЛАЖЕТИЌ, Иван АНАСТАСОВСКИ, Фатиме ФЕТАИ

**Печати:**
Печатница ЕВРОПА 92, Кочани

**Тираж:**
150 примероци



## СОДРЖИНА

**Вовед** ........ **5**

**ПРАВНАТА РАМКА ВО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА** ........ **7**

**РЕЛЕВАНТНИ ОДРЕДБИ ВО ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ** ........ **11**

**ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** ........ **16**

**I ДЕЛ** ........ **17**

**Воведување и измени на релевантната законска рамка за финансирање на спортот** ........ **17**

1. **Даночни олеснувања за донација на финансиски средства во спортот согласно Законот за данок на добивка** ........ **18**
   - 1.1. Воведување на системот со важност од 01.01.2017 година ........ 18
   - 1.2. Измени во системот со важност од 01.01.2019 година ........ 21
   - 1.3. Зголемување на вкупниот износ на вредноста на ваучерите ........ 23
   - 1.4. Проширување на субјектите што не се даночни обврзници ........ 23
   - 1.5. Можност за донирање во два спортски субјекти ........ 23
2. **Правилник за начинот на спроведување на даночното ослободување** ........ **24**
3. **Релевантни одредби според Законот за спорт** ........ **26**
   - 3.1. Измени на Законот за спорт од 2016 година ........ 26
   - 3.2. Измени на Законот за спорт во 2019 година ........ 29
4. **Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување** ........ **33**

**II ДЕЛ** ........ **37**

**Предизвици при реализација на ваучерите во практиката** ........ **37**

**1. Методи за анализа на начинот на реализација на ваучерите** ........ **38**
   - 1.1. Анализа на достапни податоци на интернет страницата на Агенцијата за млади и спорт ........ 38
   - 1.2. Барање на информации согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер ........ 38

1.3. Онлајн истражување....................39
1.3.1. Анализа на одговорите на прашањата со понудени одговори....................39
1.3.2. Анализа на предлозите за финансирање на спортот ....................47
**III ДЕЛ ....................53**
**Заклучоци, предлози и предизвици....................53**



## ВОВЕД

Финасирањето на спортот е една од основните алакти за неговото ефикасно функционирање и егзистирање. Сите што ги следат случувањата во однос на финансирањето во спортот знаат дека долги години како рецидив од минатото, спортскиот систем во нашата држава се градеше врз основа на сериозни капитации од страна на државната или локалната власт кон спортот.

Од пред некоја година започна институционална активност за преструктуирање на спортскиот систем од интервенистички во неитревенистички модел.

Ваквиот пристап се гледаше како можност за негово редефинирање и подобрување на базичните сегменти на спортскиот систем: игра, резултати, структура и менаџмент.

Овој начин на финасирање на спортот крајно интервенистички (социјалистички) навидум генерираше солидни спортски резултати за јавноста, но сепак поголем процент од спортските колективи финасиски колабираа и имаа сериозни организациски проблеми.

Од тие причини се преземаа измени во законскиот дел, кои се однесуваа на даночното олеснување при донирање на финансиски средства во спортскиот систем.

Се воспостави систем кој овозможи државата преку институциите надлежни за спортот да отпочнат со издавање на ваучери за даночно ослободување како начин за финансиска поддршка на спортските федерации и клубови.

## ПРАВНА РАМКА ВО ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА

Вкупниот износ на средства за ваучерите, постапката за одобрување на барањата за финансиска поддршка, правилата во однос на процентите на намалување на данокот и други релевантни аспекти во однос на спортските субјекти се пропишани во одредбите од Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 232/19, 275/19, 290/20 и 151/21).

Во време на изработка на оваа анализа и истражување основните карактеристики содржани во одредбите на Законот за данок на добивка, чии повеќекратни измени се подолу елаборирани, се содржани во членот 30-а.

**Член 30-а**

**(1) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски субјекти, кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства, но најмногу до 50% од пресметаниот данок.**

**(2) Спортски субјекти од ставот (1) на овој член претставуваат националните спортски федерации, спортските клубови, други правни лица кои имаат решение за вршење дејност спорт, како и активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови кои таквиот статус го стекнале според услови и критериуми пропишани во Законот за спортот.**

**(3) Правото од ставот (1) на овој член обврзникот го остварува врз основа на ваучер издаден од Агенцијата за млади и спорт, согласно со Законот за спортот.**

**(4) За користење на правото од ставот (1) на овој член даночниот обврзник доставува до Управата за јавни приходи барање за даночно ослободување за донирање финансиски средства на спортски субјекти.**

**(5) Управата за јавни приходи во рок од 15 дена го потврдува или одбива барањето од ставот (4) на овој член.**

**(6) Даночниот обврзник, во рок од 15 дена по потврденото барање од став (5) на овој член, до Управата за јавни приходи доставува известување за извршена донација.**

**(7) По доставување на известувањето од став (6) на овој член, даночниот обврзник може да го користи правото од став (1) на овој член.**

**(8) Користењето на правото за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за дадени донации во спортот.**

**(9) Доколку на даночниот обврзник или на лице поврзано со него, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортските субјекти од став (2) на овој член, директно или преку набавка на стоки и услуги, обврзникот го должи данокот кој би го платил доколку не го користел ослободувањето од овој член.**

**(10) Даночниот обврзник кој го користи даночното ослободување пропишано во став (1) на овој член може да донира во еден спортски субјект од секој вид спорт.**

**(11) По исклучок на став (10) на овој член даночниот обврзник кој го користи даночното ослободување пропишано во став (1) на овој член може да донира во два спортски субјекти од ист вид на спорт, само доколку едниот субјект е национална спортска федерација, а другиот спортски субјект е спортски клуб или активен спортист кој се натпреварува во индивидуален спорт.**

**(12) Начинот на спроведување на даночното ослободување од став (1) на овој член го пропишува министерот за финансии.**

**(13) Износот на вредноста на издадените ваучери врз основа на кои обврзниците го остваруваат правото на даночно ослободување од став (1) на овој член изнесува 10 милиони евра годишно.**



## СУМИРАНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

➡ **ВКУПЕН ИЗНОС БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА ЗА ВАУЧЕРИ = 10.000.000 ЕВРА**

➡ **ВАУЧЕРИТЕ ГИ ИЗДАВА АГЕНЦИЈАТА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

➡ **ИЗНОС НА НАМАЛУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК НА ДОБИВКА = НАЈМНОГУ ДО 50% ОД ПРЕСМЕТАНИОТ ДАНОК**

➡ **КОИ СЕ СПОРТСКИ СУБЈЕКТИ:**

- **НАЦИОНАЛНИТЕ СПОРТСКИ ФЕДЕРАЦИИ,**
- **СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ,**
- **ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ИМААТ РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ СПОРТ,**
- **АКТИВНИ СПОРТИСТИ КОИ СЕ НАТПРЕВАРУВААТ ВО ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ КОИ ТАКВИОТ СТАТУС ГО СТЕКНАЛЕ СПОРЕД УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ПРОПИШАНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ**

**ДОСТАВУВАЊЕ БАРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО УЈП**




**ПРАВИЛО – МОЖЕ ДА СЕ ДОНИРА САМО ВО ЕДЕН СПОРТСКИ СУБЈЕКТ**

**ИСКЛУЧОК - МОЖЕ ДА ДОНИРА ВО ДВА СПОРТСКИ СУБЈЕКТИ ОД ИСТ ВИД НА СПОРТ, САМО ДОКОЛКУ ЕДНИОТ СУБЈЕКТ Е НАЦИОНАЛНА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА, А ДРУГИОТ СПОРТСКИ СУБЈЕКТ Е СПОРТСКИ КЛУБ ИЛИ АКТИВЕН СПОРТИСТ КОЈ СЕ НАТПРЕВАРУВА ВО ИНДИВИДУАЛЕН СПОРТ**



## РЕЛЕВАНТНИ ОДРЕДБИ ВО ЗАКОНОТ ЗА СПОРТОТ

**Законот за спорт** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19),

Согласно член 14-г, Законот за спорт упатува на корисници на средствата од даночното ослободување пропишани во Законот за данок на добивка, а во нив припаѓаат:

- национални спортски федерации;
- спортски клубови;
- активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови; и
- други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт.

Законот за спорт ги содржи и критериумите за користење на средствата од даночното ослободување на корисниците.

### Критериуми во однос на националните спортски федерации

- број на активни спортски клубови и спортисти во Националната спортска федерација;
- функционирање на Националната спортска федерација (собрание, органи и тела, просторни услови);
- ранг на Националната спортска федерација на официјалните ранг-листи на меѓународните европски и светски спортски асоцијации во одреден спорт;
- организирање и остварени спортски резултати во националниот систем на натпревари во машка и женска конкуренција, во сите возрасни категории;
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на националните спортски репрезентации во последните две години;
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортските клубови од Националната спортска федерација во последните две години;
- организирање на европски, регионални и други меѓународни натпревари во земјата;
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортистите во индивидуалните спортови, во натпреварите од сите возрасни категории во последните две години; медиумска покриеност на националниот спортски систем;
- човечки ресурси во Националната спортска федерација (стручно административни работници, тренери, судии, лекари, спортски психолози, нутрционисти и друго) и
- материјални услови за функционирање на Националната спортска федерација.

### Критериуми во однос на спортските клубови

- број на активни спортисти во спортскиот клуб;
- функционирање на спортскиот клуб (собрание, органи и тела, просторни услови);
- учество и пласман на спортскиот клуб во националниот систем на натпревари, за сите категории и возрасти во изминатите две години;
- учество и остварени резултати на спортскиот клуб во меѓународниот спортски систем на натпревари во последните две години;
- број на спортисти од спортскиот клуб во националните репрезентации од сите возрасти (сениори-ки, младинци-ки, деца);
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортските клубови од Националната спортска федерација во последните две години;
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортистите во индивидуалните спортови, во натпреварите од сите возрасни категории во последните две години; медиумска покриеност на националниот спортски систем;
- број на спортисти од спортскиот клуб кои имаат остварено спортска категорија;
- човечки ресурси во спортскиот клуб (тренери, лекари, спортски психолози, нутрционисти и друго) и материјални услови за функционирање на спортскиот клуб.

### За активните спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови

- спортистот да биде член на спортски клуб
- активно тренира и настапува за спортскиот клуб и националната спортска репрезентација;
- да е категоризиран спортист, согласно со закон;
- да има остварени врвни спортски резултати во изминатите две години;
- да има учество и пласман во националниот систем на натпревари, организиран од Националната спортска федерација и да има учество и пласман на официјални меѓународни натпревари, органзирани од меѓународните спортски асоцијации, во кои членува Националната спортска федерација и пласман на ранг-листи на меѓународните спортски асоцијации.



### Други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт

- критериумите утврдени за Националните спортски федерации
- критериумите утврдени од страна на спортските клубови
- се рангираат согласно со нивниот статус утврден во решението за вршење дејност спорт.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот ги пропишува формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот
- Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот подготвува и утврдува предлог-листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат Национални спортски федерации кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување
- Секоја Национална спортска федерација формира комисија која подготвува предлог-листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување
- Националната спортска федерација е должна најдоцна до 20 јануари во тековната година до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот да достави барање за користење средства од даночното ослободување и предлог-листа
- Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот формира Централна комисија за евалуација на предлог – листата

## ВАУЧЕРОТ, НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТОТ ИЛИ ИЗВОР НА КОРУПЦИЈА?

- **Централната комисија во рок од 10 дена од приемот на барањето за користење средства од даночното ослободување со прилог предлог-листата врши евалуација и проверка и ја доставува предлог-листата на усвојување до Советот за спорт**

- **Советот за спорт во рок од пет дена од приемот на предлог-листата на седница ја утврдува и усвојува предлог-листата**

- **Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот најдоцна до 10 февруари во тековната година на својата веб страница објавува официјални Листи на Национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување**

- **Средствата со кои трговското друштво учествува во финансирање на спортските субјекти се уплатуваат на посебна наменска сметка и од нив не смее да се префрлаат парите на редовната или друга сметка на Националната спортска федерација, на спортскиот клуб, активниот спортист или друго правно лице кое има решение за вршење дејност спорт или пак да се исплаќаат обврски по договори од редовната сметка**

- **Националните спортски федерации и правните лица кои имаат решение за вршење дејност спорт како корисници на средства од даночното ослободување се должни најдоцна до 15 март во наредната година да достават извештај до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, колку средства примиле за претходната година, од кого примиле средства по оваа основа и за кои намени се истите потрошени**

- **Извештајот од ставот 1 на овој член се објавува на веб страницата на Националната спортска федерација и правните лица кои имаат решение за вршење дејност спорт најмалку во периодот од 15 март до 15 јуни наредната година од кога се добиени средствата**



**Член 14-д**

**Корисниците на средствата од даночното ослободување, средствата ги користат за:**

- **плати, надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штаб врз основа на правилникот на клубот кој во писмена форма се доставува до националната спортска федерација,**
- **организација на патувања и престој на клубот или активниот спортист во земјата и странство заради натпреварувања или подготовки,**
- **изнајмување или градба на сали или терени за натпреварување,**
- **плаќањето за изнајмување на деловен простор за работа на клубот, во износ не поголем од 10% од добиените средства годишно,**
- **отплата на кредит за купување на сопствени простории на клубот, во износ не поголем од 20% годишно од добиените средства. Доколку се купат простории за клубот со овие средства, истите не смеат да се стават под хипотека (освен хипотека кон банката за купување или градба на самиот објект) и не смеат да се отуѓуваат најмалку 15 години од денот на нивното купување,**
- **патувања заради учество на стручни семинари, конференции и усовршувања, а по претходна одлука на органот на управување на националната спортска федерација,**
- **котизации и членарини во меѓународни тела во кои членуваат,**
- **набавка на опрема и реквизити,**
- **плаќање на комунални трошоци за националните спортски федерации и спортските клубови,**
- **здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на активните спортисти,**
- **за организација на меѓународни натпревари во Република Македонија.**

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Ова истражување започна заради остварување на неколку цели, коишто поради поголема прегледност се претставени во посебните делови од текстот:

Првата цел е да се проучи легислативната рамка релевантна за финансирањето на спортот;

Втората цел е да се истражи ефективноста на системот и практиката при реализацијата на ваучерите;

Третата цел е да се сумираат заклучоци и согледувања и да се понудат предлози за надминување на согледаните слабости и предизвици кои се однесуваат на начинот на реализација на ваучери за даночно ослободување.



# I. ДЕЛ

## ВОВЕДУВАЊЕ И ИЗМЕНИ НА РЕЛЕВАНТНАТА ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СПОРТОТ

## 1. Даночни олеснувања за донација на финансиски средства во спортот согласно Законот за данокот на добивка

### 1.1. Воведување на системот со важност од 01.01.2017 година

Процедурални правила за реализација на доделените ваучери предвидуваат даночни ослободувања за обврзниците на данокот на добивка кои донирале финансиски средства во функција на поттикнување на спортот во нашата држава. Даночни ослободувања за обврзниците на данок на добивка кои донирале финансиски средства во функција на поттикнување на спортот, за првпат беа воведени со членовите 30-а до 30-в од Законот за дополнување на Законот за данокот на добивка (Службен весник на РМ, бр. 190/2016) од 17.10.2016 година, а примената на ваквото даночно ослободување стартуваше од фискалната 2017 година, односно од 1 јануари 2017 година.

Првите измени беа внесени со Законот за дополнување на Законот за данокот на добивка (Службен весник на РМ, бр. 190/2016) од 17.10.2016 година, при што примената на ваквото даночно ослободување стартуваше од фискалната 2017 година, односно од 1 јануари 2017 година.

**Член 30-а**

**(1) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски федерации и Македонскиот олимписки комитет кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до 40% од пресметаниот данок.**

**(2) На обврзникот кој донирал финансиски средства на фудбалски клубови кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 50% од пресметаниот данок.**

**(3) На обврзникот кој донирал финансиски средства на кошаркарски клубови кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 40% од пресметаниот данок**

**(4) На обврзникот кој донирал финансиски средства на ракометни клубови кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до 40% од пресметаниот данок.**

**(5) На обврзникот кој донирал финансиски средства на спортски клубови во другите спортови кои не се наведени во ставовите (2), (3) и (4) на овој член, кои се уплатени на посебна наменска сметка, му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација, но најмногу до 35% од пресметаниот данок.**

**(6) За остварување на правото од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член, клубовите треба да се натпреваруваат во национален систем на натпревари каде има натпреварување во организирана лига и да имаат регистрирана и активна младинска школа.**

**(7) За дадените донации на најмногу еден спортски клуб во календарската година кој не учествува во организирана национална лига, на обврзникот му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 5% од пресметаниот данок.**

**(8) За остварување на правото од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (7) на овој член обврзникот треба да поседува потврда од Агенцијата за млади и спорт дека субјектите кои се корисници на добиените донации се субјекти кои ги исполнуваат условите за користење на правото на даночно намалување согласно со Законот за спортот.**

**(9) Доколку на даночниот обврзник или на правен субјект кој е капитално или управувачки поврзан со даночниот обврзник или е во сопственост или управуван од лице во роднинска врска во сите линии до втор степен со лице од даночниот обврзник, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортските клубови директно или преку набавка на стоки и услуги од даночниот обврзник, го должи данокот кој би го платил доколку не го користел намалувањето од овој член.**

**(10) Спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортските клубови кои добиле финансиски средства за кои е искористено правото на даночно намалување согласно со одредбите на овој член, ги користат средствата согласно со намените утврдени со Законот за спортот.**

**(11) Искористеното право за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно со одредбите на овој член, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.**

Со овој член се пропишале различните стапки за ослободување/намалување на пресметаниот данок за износот на дадената донација, која се уплаќа на посебна наменска сметка, во зависност од тоа кому била дадена донацијата.

Со членот 30-б биле пропишани можните износи на намалувања кога станувало збор за активни спортисти во олимписки односно неолимписки спортови.

| КОРИСНИК | ПРОЦЕНТ НА НАМАЛУВАЊЕ |
|---|---|
| Фудбалски клубови | Најмногу до 50% од пресметаниот данок |
| Спортски федерации<br>МОК<br>Кошаркарски клубови<br>Ракометни клубови | Најмногу до 40% од пресметаниот данок |
| Спортски клубови во другите спортови | Најмногу до 35% од пресметаниот данок |
| Активни спортисти од олимписките спортови | најмногу до 10% од пресметаниот данок |
| Активни спортисти од неолимписки спортови | најмногу до 5% од пресметаниот данок |

За да може корисникот, освен поединечните спортисти, да го оствари правото да добие финансиска поддршка неопходно е да се исполнети два услова:

- клубовите да се натпреваруваат во национален систем на натпревари каде има натпреварување во организирана лига и
- да имаат регистрирана и активна младинска школа.

По исклучок од ова правило, за дадени донации, но само на еден спортски клуб во календарската година кој не учествува во организирана национална лига, на обврзникот му се намалува пресметаниот данок за износот на дадената донација но најмногу до 5% од пресметаниот данок.

Корисниците кои добиле финансиски средства за кои е искористено правото на даночно намалување, средствата ги користат согласно со намените утврдени со Законот за спорт. Воедно, искористеното право за намалување на пресметаниот данок на добивка, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Согласно првичното решение содржано во членот 30-а на Законот за данок на добивка, за да може корисникот да го оствари правото неопходно било да поседува потврда од Агенцијата за млади и спорт дека субјектите кои се корисници на добиените донации се субјекти кои ги исполнуваат условите за користење на правото на даночно намалување согласно со Законот за спорт.



Пропишана била и ситуација доколку на даночниот обврзник или на правниот субјект (кој е капитално или управувачки поврзан со даночниот обврзник или е во сопственост или управуван од лице во роднинска врска во сите линии до втор степен со лице од даночниот обврзник), му биле вратени донираните финансиски средства од страна на корисникот, го должел данокот кој би го платил доколку не го искористил пропишаното намалување.

Даночните поттикнувања согласно членот 30-в од овие дополнувања на Законот за данок на добивка можело да бидат остварени само по еден од наведените основи и не можело да се кумулираат.

### 1.2. Измени во системот со важност од 01.01.2019

Во однос на пропишаните можности за даночно олеснување во однос на финансирање на спортските субјекти, Законот за данок на добивка бил менуван повеќе пати (Службен весник на РМ, бр. 112/14, 129/15, 23/16, 190/16 и 248/18 и Службен весник на РСМ, бр. 232/19, 275/19, 290/20 и 151/21).

Внимание заслужува Законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ, бр. 248/2018, од 31.12.2018), којшто започнал со примена од 1 јануари 2019 година.

Со оваа измена била воведена посебна одредба (чл. 4-а), согласно која била проширена листата на субјекти што не се сметале за обврзници за данок на добивка. Во нив спаѓале следниве организации:

- здруженијата на граѓани,
- фондации,
- сојузи,
- секој организационен облик на странска организација,
- друга форма на здружување регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации.

Во рамките на неоданочиви приходи на споменатите организации спаѓале: приходи од членарини, доброволни прилози, донации, грантови, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, приходи од дивиденди од трговските друштва основани со средства на здружението и приходи од Буџетот на Републиката, буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје врз основа на претходно изготвени програми (проекти) одобрени од Владата, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на Град Скопје.

Организациите кои остваруваат приходи од вршење стопанска дејност во рамките на нивното непрофитно делување, заради избегнување нелојална конкуренција со субјектите на кои добивката остварена од вршење стопанска дејност им се оданочува, стануваат обврзници за пресметување и плаќање данок на вкупен приход, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност е поголем од 1.000.000 денари, при што данокот на

вкупен приход се пресметува и плаќа во висина од 1% од износот на остварените вкупни приходи од стопанска дејност во календарската година, на износот кој надминува 1.000.000 денари.

Со овие измени се изменил и членот 30-а, па наместо федерации и МОК се вовел терминот „спортски субјекти" во коишто спаѓале:

- националните спортски федерации,
- спортските клубови,
- други правни лица кои имаат решение за вршење дејност спорт,
- активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови кои таквиот статус го стекнале според услови и критериуми пропишани во Законот за спорт.

Дополнително биле стимулирани обврзниците што донирале финансиски средства на спортски субјекти во таа смисла што наместо 40%, пресметаниот данок на добивка за износот на донираните средства се зголемил на 50% од пресметаниот данок.

За првпат со овие измени било пропишано дека обврзникот го остварува правото од член 30-а врз основа на ваучер издаден од Агенцијата за млади и спорт, согласно со Законот за спорт.

Согласно постапката, даночниот обврзник доставува до Управата за јавни приходи барање за даночно ослободување за донирање финансиски средства на спортски субјекти. Управата за јавни приходи во рок од 15 дена го потврдува или одбива поднесеното барање. Даночниот обврзник, во рок од 15 дена по потврденото барање до Управата за јавни приходи доставува известување за извршена донација. Откако е доставено известувањето до УЈП, даночниот обврзник може да го користи правото од членот 30-а.

Користењето на правото за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно одредбите на овој член, го исклучувале правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Доколку на даночниот обврзник или на лице поврзано со него, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортските субјекти, директно или преку набавка на стоки и услуги, обврзникот го должел данокот кој би го платил доколку не го користел ослободувањето од овој член.

Даночниот обврзник кој го користи даночното ослободување може да донира во еден спортски субјект од секој вид спорт.

Начинот на спроведување на даночното ослободување го пропишува министерот за финансии.

Вкупниот износ на вредноста на издадените ваучери врз основа на кои обврзниците го остваруваат правото на даночно ослободување изнесувал 6 милиони евра годишно.

Со овие измени на Законот за данок на добивка, избришани биле членовите 30-б и 30-в.



### 1.3. Зголемување на вкупниот износ на вредноста на ваучерите

Во 2019 година вкупниот износ од 6 милиони евра се зголемил на вкупно 10 милиони евра годишно, со Законот за изменување на Законот за данокот на добивка (Службен весник на РСМ, бр. 232/2019, од 08.11.2019 година), којшто влегол во сила со денот на објавувањето во Службен весник.

### 1.4. Проширување на субјектите што не се даночни обврзници

Значително проширување на субјектите кои не се сметале за даночни обврзници од членот 4-а било воведено со Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка од 2019 година (Службен весник на РСМ, бр. 275/2019, од 27.12.2019 година), кој влегол во сила со денот на објавување во Службен весник.

Во рамки на субјекти што не се обврзници за данок на добивка, биле вброени:

- здруженија на граѓани и фондации, како и нивните сојузи и други облици на здружување или поврзување,
- стопанската интересна заедница,
- политичките партии,
- верските заедници,
- религиозните групи,
- Црвениот крст на Република Северна Македонија,
- здруженија на странци,
- странски и меѓународни невладини организации,
- хуманитарни организации и здруженија,
- синдикатите,
- коморите и
- други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации.

И со овие измени се нагласувало дека користењето на правото за намалување на пресметаниот данок на добивка согласно членот 30-а, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, во однос на дадените донации во спортот.

### 1.5. Можност за донирање во два спортски субјекти

Со измените и дополнувањата на Законот за данокот на добивка од 2020 година (Службен весник бр. 290/2020, од 07.12.2020 година), воведен е нов став 11 во членот 30-а којшто пропишува исклучок во однос на ставот 10 од истиот член, а имено даночниот

обврзник кој го користи даночното ослободување пропишано во ставот (1) на од чл. 30-а може да донира во два спортски субјекти.

Притоа, спортските субјекти треба да бидат од ист вид на спорт.

Ограничувањето е само доколку едниот субјект е национална спортска федерација, а другиот спортски субјект е спортски клуб или активен спортист кој се натпреварува во индивидуален спорт.

## 2. Правилник за начинот на спроведување на даночното ослободување

Согласно чл. 30-а, став 12, министерот за финансии е должен да го пропише начинот на спроведување на даночното ослободување.

Тоа е сторено со Правилникот за начинот на спроведување на даночното ослободување на даночниот обврзник кој донирал финансиски средства на спортски субјекти донесен од страна на министерот за финансии на 10.06.2019, а објавен во Службен весник на РСМ, бр. 126/2019 од 20.06.2019 година.

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на даночното ослободување на даночниот обврзник кој донирал финансиски средства на спортски субјекти кои се уплатени на посебна уплатна сметка.

Агенцијата за млади и спорт најдоцна до 15 февруари ја доставува до Управата за јавни приходи листата на спортски субјекти на кои им е доделен ваучер.

Листата содржи:

- ЕДБ/ЕМБГ на спортскиот субјект;
- Назив/Име и презиме;
- Адреса;
- Број на ваучер;
- Износ на ваучер;
- Година на валидност на ваучерот и
- Вид на спорт.

За целите на спроведувањето на начинот на даночното ослободување, Управата за јавни приходи води евиденција за дадените донации согласно издадените ваучери за целите на даночното ослободување.

УЈП врз основа на поднесеното барање за даночно ослободување за донирани финансиски средства на спортски субјекти врши проверка на расположливите средства од ваучерот.



Доколку износот искажан во барањето е понизок или еднаков на расположливите средства од ваучерот, Управата за јавни приходи го потврдува барањето во рок од 15 дена. Доколку тој износ е повисок од расположливите средства од ваучерот Управата за јавни приходи го одбива барањето во рок од 15 дена.

Средствата од барањето за даночно ослободување за донирани финансиски средства на спортски субјекти кои Управата за јавни приходи ги потврдила, се резервираат до поднесување на известување за извршена донација.

Даночниот обврзник, во рок од 15 дена од приемот на потврденото барање до Управата за јавни приходи доставува известување за извршена донација. Кон известувањето обврзникот доставува и доказ за извршена донација.

Во рок од 15 дена по доставување на известувањето и доказот за извршена донација, Управата за јавни приходи го потврдува или го одбива правото на користење на намалувањето на пресметаниот данок.

Искористеното право за намалување на пресметаниот данок на добивка за донираните финансиски средства во спортот, го исклучува правото на даночно поттикнување кај данокот на добивка согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Особено е важно за остварување на ова право, обврзникот да поседува потврда од Агенцијата за млади и спорт (не од Министерството за правда) дека субјектите кои се корисници на добиените донации, се субјекти кои ги исполнуваат условите за користење на правото на даночно намалување согласно со Законот за спорт.

Доколку на даночниот обврзник или на правен субјект кој е капитално или управувачки поврзан со даночниот обврзник или е во сопственост или управуван од лице во роднинска врска во сите линии до второ колено со лице од даночниот обврзник, му бидат вратени донираните финансиски средства од страна на спортистите, односно спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортските клубови директно или преку набавка на стоки и услуги од даночниот обврзник, го должи данокот кој би го платил доколку не го користел намалувањето.

Спортистите, односно спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортските клубови кои добиле финансиски средства за кои е искористено правото на даночно намалување согласно со одредбите на Законот за данокот на добивка, ги користат средствата согласно со намените утврдени со Законот за спорт.

Посебни правила за даночен третман на донациите на финасиски средства кон спортскиот систем беа прифатени со измени на Законот за данокот на добивка, каде што е уредена можноста за даночно ослободување за донирани финансиски средства во корист на спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет и спортски клубови.

## 3. Релевантни одредби според Законот за спортот

**Законот за спорт** („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 244/19), пропишува определени услови во однос на корисниците и средствата од даночното ослободување согласно Законот за данокот на добивка.

### 3.1. Измени на Законот за спорт од 2016 година

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за спорт (Службен весник бр. 190/2016 од 17.10.2016 година), за првпат беа додадени шест нови члена 14-в, 14-г, 14-д, 14-ѓ, 14-е и 14-ж.

Според членот 14-г, корисници на средствата од даночното поттикнување по Закон за данок на добивка може да бидат:

- национални спортски федерации,
- Македонскиот олимписки комитет,
- спортски клубови, и
- активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови.

Средствата можело да ги користат и активни спортисти кои:

- имаат прв или втор актуелен најдобар национален резултат или освоено државно првенство, шампионат или друг вид на национална титула во соодветниот спорт,
- обезбедиле учество или учествувале на последно светско или европско првенство во спортот во кои се натпреваруваат или на олимписки игри,
- не биле суспендирани од домашна или меѓународна федерација во спортот во кој се натпреваруваат.

Активните спортисти можело да ги користат средствата до моментот во годината додека ги исполнуваат условите што се посебно пропишани.

Во однос на условите што требало да се исполнат, во законот постоела обврска за спортските клубови и активните спортисти да може да ги користат средствата само ***врз основа на претходно издадена потврда од страна на органот на државната управа*** надлежен за работите од областа на спортот, по претходно прибавено мислење од страна на националните спортски федерации.

Заради транспарентност во постапувањето, спортските федерации биле должни најдоцна до 10 декември во тековната година до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот да достават листа на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат условите за користење на средствата согласно со овој закон и Законот за данок на добивка и листите да ги објават на нивните веб страници.



Обврска за отчетност и транспарентност била пропишана и за органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, којшто бил должен најдоцна до 15 декември во тековната година на својата веб страница да објави листа на спортски клубови и активни спортисти, кои ги исполнуваат условите согласно со овој закон и Законот за данок на добивка за користење на средствата.

Воедно, спортските федерации биле должни за секоја промена во исполнувањето на условите за користење на средствата согласно со овој закон и Законот за данок на добивка, во рок од три дена да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, за кого постоела должност во рок од десет дена да ја ажурира листата на субјекти кои ги исполнуваат условите за користење на средствата согласно со овој закон и Законот за данок на добивка и истата да ја објави.

Широки и многубројни се основите за кои корисниците на средствата можеле да ги искористат добиените средства. Имено, согласно член 14-д, корисниците на средствата од даночното поттикнување, можеле да ги користат за:

- плати, надоместоци и бонуси на спортистите и стручниот штаб врз основа на правилникот на клубот кој во писмена форма се доставува до националната спортска федерација,
- организација на патувања и престој на клубот или активниот спортист во земјата и странство заради натпреварувања или подготовки,
- изнајмување или градба на сали или терени за натпреварување,
- плаќањето за изнајмување на деловен простор за работа на клубот, во износ не поголем од 10% од добиените средства годишно,
- отплата на кредит за купување на сопствени простории на клубот, во износ не поголем од 20% годишно од добиените средства. Доколку се купат простории за клубот со овие средства, истите не смеат да се стават под хипотека (освен хипотека кон банката за купување или градба на самиот објект) и не смеат да се отуѓуваат најмалку 15 години од денот на нивното купување,
- патувања заради учество на стручни семинари, конференции и усовршувања, а по претходна одлука на органот на управување на националната спортска федерација,
- котизации и членарини во меѓународни тела во кои членуваат,
- набавка на опрема и реквизити,
- плаќање на комунални трошоци за националните спортски федерации и спортските клубови,
- здравствена заштита, пензиско и инвалидско осигурување и надоместок за осигурување од последици од несреќен случај и ризици на активните спортисти,
- за организација на меѓународни натпревари во Република Македонија.

Согласно овој член од Законот за спорт било пропишано дека начинот на користење на средствата се утврдува со Правилник кој го донесува функционерот кој раководи со

органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Средствата со кои трговското друштво учествува во финансирање на субјектите кои се корисници на средствата се уплатуваат на посебна наменска сметка и од нив не смее да се префрлаат парите на редовната или друга сметка на националната спортска федерација, на Македонскиот олимписки комитет, спортскиот клуб, односно активниот спортист или пак да се исплаќаат обврски по договори од редовната сметка.

Со нововнесениот член 14-ѓ била пропишана забрана националната спортска федерација, Македонскиот олимписки комитет, спортскиот клуб односно активниот спортист по кој било основ да ги вратат средствата во истото трговско друштво кое учествува во финансирање на субјектите или трговско друштво со кое друштвото е капитално или управувачки поврзано или е во сопственост или управувано од лице во роднинска врска во сите линии до втор степен со лице од трговското друштво, вклучувајќи и трошоци за стоки и услуги.

Со цел контрола на трговските друштва што учествувале во финансирање на субјектите било пропишано дека тие подлежат на ревизија најмалку еднаш во период од три години од страна на Државниот завод за ревизија.

Иако сосема непотребно, бидејќи се подразбира во случај на откриено кривично дело, сепак била внесена одредба дека за незаконско користење на средствата се одговара согласно со одредбите на Кривичниот законик.

Со цел транспарентност на системот со член 14-ж била пропишана обврска за Националните спортски федерации и Македонскиот олимписки комитет како корисници на средства од даночното поттикнување најдоцна до 15 март во наредната година да објават колку средства примиле за претходната година, од кого примиле средства по оваа основа, и за кои намени тие биле потрошени. Објавувањето се врши на веб страницата на националната спортска федерација и Македонскиот олимписки комитет најмалку во периодот од 15 март до 15 јуни наредната година од кога се добиени средствата и на најмалку половина страна во едно издание на еден од дневните весници. Доколку субјектите примиле помалку од 15 илјади евра годишно, должни се објавата да ја направат само на својата веб страница во периодот од 15 март до 15 јуни наредната година.

Националната спортска федерација е должна во периодот од од 15 март до 15 јуни наредната година да ги објави на својата веб страница извештаите на сите клубови и активни спортисти корисници на средства од даночното поттикнување, а тие се должни најдоцна до 10 март во наредната година да ги достават извештаите за претходната година до надлежната национална спортска федерација. Македонскиот олимписки комитет е должен во периодот од 15 март до 15 јуни наредната година да ги објави на својата веб страница ваквите извештаи на сите национални спортски федерации и активни спортисти корисници на средства од даночното поттикнување, а тие се должни најдоцна до 10 март во наредната година да ги достават извештаите за претходната година до Македонскиот олимписки комитет. Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот пропишува Правилник во однос на формата и содржината на објавите.



### 3.2. Измени на Законот за спорт во 2019 година

Во 2019 година бил донесен Закон за изменување на Законот за спорт (Службен весник бр. 98/2019 од 21.05.2019 година), со којшто се внесени измени во однос на дел од релевантните одредби за финансирањето на спортот.

Имено, членот 14-г се изменил, па како корисници на средствата од даночното ослободување по Законот за данокот на добивка можело да бидат:

- национални спортски федерации,
- спортски клубови,
- активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и
- други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт.

Со овие измени биле пропишани критериуми што корисниците мора да ги исполнат за да ги користат средствата од даночното ослободување и тоа во зависност од корисникот.

Критериумите за ***Националните спортски федерации*** се следниве:

- број на активни спортски клубови и спортисти во Националната спортска федерација,
- функционирање на Националната спортска федерација (собрание, органи и тела, просторни услови),
- ранг на Националната спортска федерација на официјалните ранг-листи на меѓународните европски и светски спортски асоцијации во одреден спорт,
- организирање и остварени спортски резултати во националниот систем на натпревари во машка и женска конкуренција, во сите возрасни категории,
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на националните спортски репрезентации во последните две години,
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортските клубови од Националната спортска федерација во последните две години,
- организирање на европски, регионални и други меѓународни натпревари во земјата,
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортистите во индивидуалните спортови, во натпреварите од сите возрасни категории во последните две години,
- медиумска покриеност на националниот спортски систем,
- човечки ресурси во Националната спортска федерација (стручно административни работници, тренери, судии, лекари, спортски психолози, нутрционисти и друго) и
- материјални услови за функционирање на Националната спортска федерација;

Критериумите што се однесуваат на ***спортските клубови*** се следниве:

- број на активни спортисти во спортскиот клуб,
- функционирање на спортскиот клуб (собрание, органи и тела, просторни услови),
- учество и пласман на спортскиот клуб во националниот систем на натпревари, за сите категории и возрасти во изминатите две години,
- учество и остварени резултати на спортскиот клуб во меѓународниот спортски систем на натпревари во последните две години,
- број на спортисти од спортскиот клуб во националните репрезентации од сите возрасти (сениори-ки, младинци-ки, деца),
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортските клубови од Националната спортска федерација во последните две години,
- учество и остварени резултати во меѓународниот спортски систем на спортистите во индивидуалните спортови, во натпреварите од сите возрасни категории во последните две години,
- медиумска покриеност на националниот спортски систем,
- број на спортисти од спортскиот клуб кои имаат остварено спортска категорија,
- човечки ресурси во спортскиот клуб (тренери, лекари, спортски психолози, нутрционисти и друго) и
- материјални услови за функционирање на спортскиот клуб;

Критериумите за ***активните спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови*** подразбираат спротистот да:

- биде член на спортски клуб и активно тренира и настапува за спортскиот клуб и националната спортска репрезентација,
- е категоризиран спортист, согласно со закон,
- има остварени врвни спортски резултати во изминатите две години,
- има учество и пласман во националниот систем на натпревари, организиран од Националната спортска федерација и
- има учество и пласман на официјални меѓународни натпревари, организирани од меѓународните спортски асоцијации, во кои членува Националната спортска федерација и пласман на ранг-листи на меѓународните спортски асоцијации.

***Другите правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт*** треба да ги исполнуваат критериумите утврдени за Националните спортски федерации или спортските клубови и истите се рангираат согласно со нивниот статус утврден во решението за вршење дејност спорт.

Средствата можело да се користат само ***врз основа на издаден ваучер од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот***. Пропишување на формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот е во надлежност на функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот подготвува и утврдува предлог-листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат Национални спортски федерации кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување.

Секоја Национална спортска федерација формира комисија која подготвува предлог-листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување. Националната спортска федерација е должна најдоцна до 20 јануари во тековната година до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот да достави барање за користење средства од даночното ослободување и предлог-листа на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно со овој закон и Законот за данокот на добивка и да ја објави на својата веб страница.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот формира Централна комисија за евалуација на предлог-листата, за период од четири години, која се состои од претседател и четири члена и тоа претседателот и двајца членови се избираат од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот и по еден член од Националните спортски федерации од екипни и од индивидуални спортови.

Централната комисија во рок од 10 дена од приемот на барањето за користење средства од даночното ослободување со прилог предлог-листата на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно со овој закон и Законот за данокот на добивка, врши евалуација и проверка и ја доставува предлог-листата до Советот за спорт на усвојување.

Советот за спорт во рок од пет дена од приемот на предлог-листата на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно со овој закон и Законот за данокот на добивка, на седница ја утврдува и усвојува предлог-листата.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот најдоцна до 10 февруари во тековната година на својата веб страница објавува официјални Листи на Национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно со овој закон и Законот за данокот на добивка.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот издава ваучери за користење на средствата од даночното ослободување во рок од пет дена од денот на објавувањето на листите.

Националните спортски федерации се должни во рок од три дена да ја докомплетираат документацијата по барање на Централната комисија, а доколку тоа не се стори, функционерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа

на спортот донесува решение со кое се одбива како неосновано барањето за користење средства од даночното ослободување.

Членовите на Централната комисија за својата работа примаат надоместок по одржана седница, којшто го определува функционерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот согласно со расположливиот буџет на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот утврден за тековната година.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот ги пропишува поблиските квантитативни и квалитативни критериуми кои треба да ги исполнуваат корисниците за користење на средствата од даночното ослободување, начинот на бодување и рангирање, како и формата и содржината на барањето за користење средствата од даночното ослободување и на листите.

Со цел усогласување на терминологијата со Законот за данокот на добивка, во членот 14-д став 1 зборот „поттикнување" бил заменет со зборот „ослободување". Средствата со кои трговското друштво учествува во финансирање на субјектите се уплатуваат на посебна наменска сметка и од нив не смее да се префрлаат парите на редовната или друга сметка на Националната спортска федерација, на спортскиот клуб, активниот спортист или друго правно лице кое има решение за вршење дејност спорт или пак да се исплаќаат обврски по договори од редовната сметка.

Членот 14-ѓ бил целосно изменет и согласно овој член, се забранува Националната спортска федерација, спортскиот клуб, активниот спортист или правното лице кое има решение за вршење дејност спорт, по кој било основ да ги вратат во трговското друштво што учествува во финансирање на субјектите или во трговско друштво со кое друштвото е капитално или управувачки поврзано или е во сопственост или управувано од лице во роднинска врска во сите линии до втор степен со лице од трговското друштво, вклучувајќи и трошоци за стоки и услуги.

Напуштена е одредбата дека овие трговски друштва подлежат на ревизија од Државниот завод за ревизија, туку било пропишано дека средствата со кои трговското друштво учествува во финансирање на субјектите подлежат на контрола за наменското користење најмалку еднаш годишно од страна на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Со овие измени бил изменет и членот 14-е, но не во делот на содржината туку само поради усогласување со новата листа на корисници на средствата.

Во 2019 година имало уште една измена на Законот за спортот (Службен весник, бр. 244/2019 од 26.11.2019 година), со којашто е прецизиран составот на Централната комисија (претседател и шест члена по предлог на Владата на РСМ), со мандат од четири години, но без надомест за нивното работење.

Воедно, со измените Националните спортски федерации биле задолжени во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на измените да достават предлог - листи на спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување за 2019 година до органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот во рок од 3 работни дена од денот на доставување на предлог – листите, имал обврска на својата веб страница да ги објави официјалните Листи на Национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување.

## 4. Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување

Директорот на Агенцијата за млади и спорт го донел наведениот Правилник, објавен во Службен весник, бр. 120/2019 од 13.06.2019 година, врз основа на член 14-г став 5 од Законот за спортот.

Со Правилникот се пропишува формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување по Законот за данокот на добивка.

Имено, ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување се издава на Образец „Ваучер за користење на средствата од даночното ослободување", кој се печати на хартија во бела боја на А4 формат, кој е даден во прилог и е составен дел на Правилник.

Од страна на Централната комисија за евалуација на предлог - листата со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат Националните спортски федерации кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спортот и Законот за данокот на добивка се известуваат Националните спортски федерации и правните лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт за подигнување на ваучерите.

Овластено лице од Националната спортска федерација и правното лице кое има решение за вршење на дејност спорт ги подигнува ваучерите од Агенцијата за млади и спорт најдоцна три дена од денот на добиеното известување.

Националната спортска федерација треба најдоцна пет дена од денот на подигнувањето на ваучерите, истите да ги достави до спортските клубови и активните спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови.

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

Бр. _____ - _____/_____
_____________________год.
**Агенција за млади и спорт**
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров“
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

**В А У Ч Е Р**
**за користење на средства од даночно ослободување**

**ПОДАТОЦИ ЗА ВАУЧЕРОТ**

| | |
|---|---|
| Назив на спортскиот субјект/Име и Презиме на спортист | |
| Адреса на спортскиот субјект / спортист | |
| Вид на спорт | |
| ЕДБ/ЕМБГ | |
| Број на ваучер | |
| Износ на ваучерот | |
| Датум на издавање | |
| Датум на важност | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОТПИСНИКОТ (овластено лице кое го подигнува ваучерот)**

| | |
|---|---|
| Име и Презиме | |
| ЕМБГ | |
| Својство | |
| Датум на пополнување | |
| Потпис | |

Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

**ПОДАТОЦИ ЗА ДАВАТЕЛОТ НА ВАУЧЕР**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив | Агенција за млади и спорт | | |
| ЕДБ | 4030998355797 | | |
| ЕМБС | 5262879 | | |
| АДРЕСА / СЕДИШТЕ | Ул „ Македонија бр.38 , 1000 Скопје | | |
| | е-Пошта contact@ams.gov.m | Телефон | +389 (0) 2 3119-628 |
| | | Факс | +389 (0) 23117-693 |
| | | *Web* | *www.ams.gov.mk* |

**ДИРЕКТОР**

*Доставено до:*
*-Архива на АМС*
*- Корисник на средствата од даночното ослободување*
*-Централна комисија*

# II. ДЕЛ

## ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАУЧЕРИТЕ ВО ПРАКТИКАТА

## 1. Методи за анализа на начинот на реализација на ваучерите

Со цел анализа на системот на доделување и реализација на ваучерите како начин на финансирање на спортските субјекти, се пристапи кон неколку методи за прибирање податоци:

- Анализа на достапни податоци на интернет страницата на Агенцијата за млади и спорт;
- Барање на информации согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер; и
- Онлајн прашалник.

### 1.1. Анализа на достапни податоци на интернет страницата на Агенцијата за млади и спорт

И покрај законската обврска пропишана со Законот за спорт, Органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, согласно која најдоцна до 10 февруари во тековната година на својата веб страница објавува официјални Листи на Национални спортски федерации, на спортски клубови и на активни спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови и на други правни лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно со овој закон и Законот за данокот на добивка, вакви информации не може да се најдат на веб страната на Агенцијата за млади и спорт.

Недостапноста на информациите е основа да се заклучи дека не се почитува законската обврска, а со ваквото постапување целосно се повредуваат начелата на транспарентност и отчетност, како едни од основните принципи што го дефинираат доброто управување.

### 1.2. Барање на информации согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер

Поради неможноста да се анализираат податоците согласно првиот метод, т.е анализа на содржина на веб страница, поради нивната недостапност на веб страницата се пристапи кон користење на други методи.

Оваа особено поради фактот дека во конкретниот случај се работи за поседување на информации од јавен карактер, поради што органот е должен да ги исполни – да ги направи достапни информациите од неговата работа, особено ако се има предвид дека станува збор за износ од 10 милиони денари кои Агенцијата ги распределува како средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Секој заинтересиран граѓанин мора да има обезбеден пристап до информацииод јавен карактер, а органот е должен да му ја направи достапна таквата информација на граѓанинот.



### 1.3. Онлајн прашалник

Третиот метод што беше применет во рамките на ова истражување беше изготвување на онлајн прашалник во интерактивна форма којашто се пополнува електронски и се праќа во системот, кој потоа ги обработува податоците.

Прашалникот беше структуриран со вкупно 15 прашања, од кои 13 беа со можност за избор на некој од понудените одговори (*multiple choice*) и две прашања во кои им беше оставено на испитаниците да ги изнесат своите предлози, мислења, дилеми, забелешки и сугестии (*open-end-questions*).

Онлајн прашалникот беше достапен за одговарање од 01.09-15.09.2022 година.

На прашалникот одговорија вкупно 206 испитаници од различни категории.

#### *1.3.1. Анализа на одговорите на прашањата со понудени одговори*

**Прашање бр. 1 – Пол на испитаникот**

Во однос на полот на испитаниците, од графиконот добиен во однос на првото прашање, може да се забележи дека 205 испитаници дале одговор и од нив најголем дел се од машки пол (84,4%), а блиску 16% се испитаници од женски пол.




**Прашање бр. 2 – Наведете го Вашиот статус**

Валидноста на добиените одговори произлегува од статусот на испитаниците.

Имено, 62% од 205 испитаници се спортски клубови, а по близу 14% одговори дале спортски федерации, односно спортски работници, што севкупно изнесува високи **89.4% од сите испитаници**.

Нешто помалку од 10% е учеството на граѓаните, а незначително е учеството на навивачи и правни лица кои го реализираат ваучерот во рамките на вкупниот број испитаници.




**Прашање бр. 3 – Дали досега сте аплицирале за ваучер? 205**

Од вкупно 205 испитаници кои одговориле на ова прашање, **84,4%** дале одговор дека **имаат аплицирано** за добивање ваучер.

Од ова произлегува дека најголем дел од испитаниците може да дадат релевантни одговори на прашањата и од нивните одговори и предлози основано да се изведуваат заклучоци за евалуација на ваучер системот за финансирање на спортските субјекти.




**Прашање бр. 4 – Дали при аплицирање за ваучерот сте го добиле износот што сте го побарувале?**

Споредено со претходниот графикон, сосема обратен е соодносот на одговорите на вкупно 194 испитаници кои одговориле на прашањето бр. 4. Високи 4/5 од нив или близу **79% навеле дека со ваучерот не го добиле оној износ што го побарувале**.



Само 1/5 дале позитивен одговор на ова прашање.

Од добиените одговори се наметнува дилемата на што се должи неодобрување на износот што бил побаруван.

Нетранспарентноста на Агенцијата за млади и спорт и недостапноста на официјалните Листи оневозможува да се анализираат спортските субјекти што го добиле целиот побаруван износ и да се констатира од кои причини 80% од испитаниците не го добиле целосниот износ што го побарувале.




**Прашање бр. 5 – Наведете го износот што сте го добиле?**

Најголем број од вкупно 178 испитаници кои одговориле на ова прашање или близу 58% добиле износ до 50.000 евра на име ваучер за финансирање, 26% добиле износ на ваучер којшто се движи во втората група – од 51.000-100.000 евра, а 9% добиле износ на ваучер во групата помеѓу 101.000 – 200.000 евра.

Не е за занемарување фактот дека има спортски субјекти што добиле ваучери на износ помеѓу 301.000-400.00 евра, 401.000-500.000 евра и од 601.000 до 700.000 евра, но и до и над 1.000.000 евра.

Овие износи се високи и граѓаните заслужуваат да знаат на кои спортски субјекти им биле доделени, дали тие спортски субјекти ги исполнуваат критериумите и дали во целост се почитуваат законски пропишаните критериуми.




**Прашање бр. 6 – Дали според Вас постојат објективни и фер критериуми за добивање на ваучер?**

Од добиените одговори од страна на 205 испитаници, може да се констатира дека **80% имаат забелешки во однос на постоењето објективни и фер критериуми за добивање ваучер**. Од нив 39.6% сметаат дека критериумите не се доволно јасни, а близу 40% сметаат дека давањето ваучери е повеќе субјективна одлука, одошто одлука заснована на пропишаните критериуми.

Нетранспарентноста на Агенцијата за млади и спорт води кон неможност критички да се пристапи кон коментирање на дадените одговори на испитаниците, но високиот процент на незадоволство од начинот на распределба на ваучерите е доволен индикатор дека системот не функционира целосно согласно рамките што ги пропишуваат законите.

На ваквото согледување се надоврзува и фактот што **само 8,3% сметаат дека давањето ваучери е објективно и дека се одвива според пропишаните критериуми**.




**Прашање бр. 7 – Дали при реализацијата на ваучерите Ви била побарана провизија (да вратите дел од средствата)?**

Од одговорите на 189 испитаници, поделени се одговорите во однос на прашањето дали при реализацијата на ваучерите им било побарана провизија, односно им било побарано да вратат дел од средствата поради „услугата" што им ја прави правното лице каде што го реализираат ваучерот.

Фрапантен е податокот дека **94 испитаници потврдиле дека им била побарана провизија**. Ова сознание треба да се сфати како аларм за реализирање на ваучер систем во практиката, за ризиците на корупција што се појавуваат во определени ситуации, за надменоста на правните субјекти коишто и од реализација на ваучерите остваруваат некаков „прилив" којшто треба да се провери дали воопшто се евидентира во официјалната сметководствена документација на правното лице (што е сосема нелогично) или станува збор за креативен „cash flow" којшто е казнив според одредбите на Кривичниот законик.




**Прашање бр. 8 – Доколку Ви била побарана провизија, наведете го износот?**

На ова прашањето одговор дале 107 испитаници или близу 53% од сите испитаници. На сите нив им била побарана провизија односно да вратат дел од средствата.

Најголем број од испитаниците (35,5%) одговориле дека им била побарана провизија во износ од 25%-30%, а близу ¼ од сите испитаници одговориле дека провизијата изнесувала повеќе од 30%.

Збирот на процентите на испитаниците на коишто им била побарана провизија од 20% па нагоре изнесува 74%.

Сите овие одговори мора да бидат предмет на продлабочена анализа, бидејќи постоење на појавата за поврат на дел од доделените средства е присутна и го поткопува целиот ваучер систем за финансирање на спортските субјекти.




**Прашање бр. 9 – Како го оценувате системот на доделување ваучери?**

По анализа на добиените одговори на претходните осум прашања, воопшто не изненадува фактот што од 205 испитаници, **46,8% се апсолутно незадоволни** од тоа како функционира системот за доделување на ваучерите, а 2/5 од испитаниците или вкупниот процент заедно со оние што го оцениле како доволен изнесува 60%.

И на овој графикон, како и на графиконот на прашањето бр. 6, 8.8% од испитаниците, очигледно недоволно упатени во тоа како функционира и кои ризици ги има ваучер системот, или од други за нив познати причини, го оцениле системот како одличен.




**Прашање бр. 10 – Дали сметате дека ваучер системот треба да се укине или да се замени со некој друг модел?**

На ова прашање се бараше од испитаниците непосредно да го дадат својот одговор дали сметаат дека ваквиот систем на финансирање на спортските субјекти треба да се задржи или да се замени со нов.



Од вкупно 205 добиени одговори, **54% одговориле потврдно**. Вкупно 15,1% не дале одговор, а 1/3 од испитаниците или близу 31% сметаат дека овој систем не треба да се укине.




**Прашање бр. 11 – Дали сметате дека ваучер системот е извор на корупција на финансирање?**

Ако во одговорите на претходно прашање имаше и недоволно определени дали да опстои или не системот на ваучери, од одговорите на прашањето бр. 11 недвојбено произлегува дека близу **60% од вкупно 205 испитаници** што го дале својот одговор, **сметаат дека ваквиот систем е извор на корупција** при финансирањето на спортските субјекти.

И овие одговори заслужуваат подетална анализа и дополнителни истражувања со цел да се идентификуваат изворите на корупција, да се идентификуваат субјектите и да се поведат соодветни постапки со цел искоренување на корупцијата од спортот во рамките на неговото финансирање.



**Прашање бр. 12 – Дали имаме систем на контрола и надзор врз ваучер системот?**

Согледувањата на истражувачите дека не може да дојдат до какви било информации во однос на доделените ваучери, дека целиот систем е нетранспарентен и дека нема отчетност, се потврдени и со одговорите добиени од вкупно 205 испитаници.

Имено, **66% сметаат дека не постои соодветна контрола и надзор** врз ваучер системот. Ваквиот впечаток коинцидира со високиот процент на испитаници кои на претходното прашање го изразија својот став дека ваквиот систем е извор на корупција при финансирањето на спортските субјекти.

Добиените одговори наведуваат на потреба од подетална и продлабочена анализа на начинот на доделување и реализација на ваучерите.




**Прашање бр. 13 – Како го оценувате системот на контрола и надзор на ваучер системот?**

Коментарите на одговорите на прашањата бр. 11 и 12 се сублимираат во одговорите на прашањето бр. 13.

Повеќе од половина од 205 испитаници сметаат дека е незадоволителна контролата и надзорот на ваучер системот, а вкупно со оние што го оцениле како доволен процентот изнесува високи 68,7%.






*1.3.2. Анализа на предлозите за финансирање на спортот*

Последните две прашања од прашалникот (прашањата бр. 14 и бр. 15), нудеа можност за давање свое мислење, предлог или коментар (*open-end-questions*).

На прашањето бр. 14 вкупно 97 испитаници имаат дадено свои коментари и предлози, а на прашањето бр. 15 вкупно 79 испитаници дале свои предлози, коишто сублимирано се однесуваат на следниве аспекти:

- Најсоодветно би било ***директно финансирање на спортските клубови***, без посредништво на правни лица. На овој начин спортските клубови и спортистите би имале најголем бенефит, при што за да се одбегнат злоупотреби, секој што добил ваучер би имал обврска со фактури и/или сметки да ги оправда искористените средства, а од тие средства да има можност за набавка на опрема и/или учество на натпревари;
- Со цел да се одбегнат можни злоупотреби, што во практиката се забележани, повеќе испитаници дале предлог ***ваучер системот да се реализира преку УЈП со цел да се постигне саканиот ефект***. На овој начин нема да има потреба добитниците на ваучерите да преговараат со правните лица, понекогаш и да ги молат за впаричување на ваучерот, поради што честопати се наоѓаат во ситуација да им се бара провизија за реализација на ваучерот;
- Поради недоволна информираност на правните лица за начинот на реализација на ваучерот, ***малите клубови особено во поединечни спортови не може да ги реализираат ваучерите*** иако тие гласат на мал износ на средства;
- При доделување на ваучерите ***особено да се обрне внимание на критериумот што се однесува на претходно постигнатите резултати***. Овој критериум ќе ги поддржи оние спортисти и спортски клубови кои се навистина квалитетни, покажале резултати и нивната поддршка може да значи подобрување на резултатите;
- Ваучер системот би ја остварил целта на своето постоење и нема да има можност за корупција ако ***државата го исплаќа ваучерот, без инволвирање на правни лица***;
- Да се интервенира во ***критериумите пропишани во Законот за спорт***, со што целиот систем на доделување ваучери би бил многу поправичен;
- Потребно е да постои ***поголема отчетност и контрола*** на доделување на ваучерите;
- Зголемување на ***транспарентноста*** во одлучувањето;
- Воспоставување на јасни критериуми, адаптирани за секој спорт со ***вклучување на спортистите и спортските работници во креирање на критериуми и услови за финансирање***;
- Средствата на сметката на клубот **директно да ги уплаќа Агенцијата за млади и спорт;**

## ВАУЧЕРОТ, НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТОТ ИЛИ ИЗВОР НА КОРУПЦИЈА?

- Нема јасно прецизирани критериуми за ***корелацијата помеѓу бодовите и износот на ваучерот.*** На почетокот спортските субјекти имале информација дека ќе се вреднуваат резултатите, но во практиката не се постапува на тој начин, па без оглед на зголемување на бодовите износот на ваучерот со години останува неизменет. На овој начин не се стимулираат резултати;
- Преседанот од 2021 година кога на ***новоформирани 200 клубови им биле доделени ваучери***, иако условот е успехот од последните две години, се поткопа целиот систем;
- Треба да се води сметка за олимписките спортови, но ***не смее да се дискриминираат спортските субјекти само затоа што нивниот спорт не е олимписки***;
- ***Помалите федерации едвај опстојуваат***, бидејќи по правило најголем дел од средствата одат на масовни спортови и големи федерации;
- Треба да се направи ***рангирање на различните спортови*** и државата треба да инвестира во најдобрите 5 спортови и моделот на финансирање на спортот преку ваучер систем може да се подобри ако постојат посебни формулари за различните спортови; критериумите да се јасни; рангирањето на клубовите најмногу да зависи од пласманот на национално ниво, а особено да се вреднува интернационалното учество;
- ***Реализација на ваучерите одзема драгоцено време*** (понекогаш и повеќе месеци), па тоа станува преокупација наместо активности поврзани со спортот, подготовките за настап и настап на националните и меѓународните првенствени натпревари;
- Ваучерот најлесно се реализира ако ***лично го познавате газдата или директорот на правното лице***, па мора да се користат лични познанства, односно да се бараат лица што му се блиски на газдата или директорот;
- И правните лица се демотивирани за реализација на ваучерот поради ***преобемна административна процедура што ја имаат кон УЈП***, таа им одзема многу време и немаат интерес;
- ***Сите клубови прво да добиваат ист износ*** што ќе им биде доволен за сезоната (тренери, сала, превоз, лекар, лекови и сл.), па потоа според успехот поуспешните да добијат дополнителни средства;
- Потребно е и ***младинските клубови*** да бидат опфатени со ваучер систем бидејќи продуцираат најмногу, а добиваат најмалку;
- Потребно е ***да се направи анализа*** и да се унапреди ваучер системот;
- За ***фудбалските клубови потребно е да се промени апликацијата*** и да се зголемат средствата;
- Можеби треба да се размисли да се зема процент од добивката на ***кладилниците*** и да се инвестира во спортот;
- Да се формира ***Министерство за спорт***;
- ***Локалните самоуправи*** да одделуваат повеќе средства за спортските клубови кои ќе ги распределуваат правилно и објективно со претходно донесени правилници и критериуми кои истите ќе ги направат стручни лица од областа на спортот;
- Да се зајакне ***контролата врз правните лица*** кои ги реализираат ваучерите;
- ***Преголема е разликата во износите на ваучерите***;
- Потребно е ***да се определи минимум износ на ваучери за секоја лига***;
- ***Приватизирање на спортските клубови***, да бидат акционерски друштва, да имаат реални сопственици и тие да склучуваат договори за даночно ослободување;
- Да се напушти ваучер системот и ***да се врати финансирањето согласно претходно важечкиот Закон за спорт***;
- ***Посебни критериуми за различните спортови***;
- ***Клубовите од помалите лиги треба да добиваат поголеми ваучери*** од причина што тие се оние кои ги произведуваат играчите кои понатаму преминуваат во највисокиот ранг;
- Треба сериозно да се размисли ***како би се бодувале клубовите*** во било кој спорт кои имаат странци и оние кои настапуваат само со домашни спортисти;
- Клубови кои со години наназад (10-15 години без прекин) се натпреваруваат во склоп на ФФМ не добиваат ваучер, додека ***клубови кои преку ноќ се формираат добиваат ваучер***;
- Секој клуб треба да добие ***линеарно финансирање*** според вложениот труд во едукација, инфраструктура, членови и развиеност, за да може да добие стимул за поголемо вложување и развој на спортот;
- Големи се сомнежите дека парите најмалку ги користат спортистите, туку во нивно име ***се доделуваат според партиски потреби и интереси***;
- Унапредување на системот на финансирање преку ***непосредна длабинска анализа на потребите на спортските федерации и спортските клубови*** и широка општествена акција за финансиска и материјална поддршка на спортот;
- Укинување на ваучер системот, бидејќи реализацијата без корупција е невозможна. Да се размисли финансиските средства, ***наместо преку АМС, да се доделуваат преку Општинските сојузи или федерации***, а АМС да има увид каде се потрошени средствата;
- ***УЈП да одредува фирма по случаен избор***;
- Итна ***промена на Правилникот за распределба на ваучерите***;
- Поттикнување на фирмите да вложуваат средства во спортот, преку ***ослободување одреден процент од даноци***, а не преку ваучер систем;
- Ваучер системот во ***женската лига*** не се распределува реално, па некои клубови од три ваучери добиле вкупно 1.170.000 денари, а екипи како Тиверија – Скопје имаат добиено 5.000.000 денари;

## ВАУЧЕРОТ, НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТОТ ИЛИ ИЗВОР НА КОРУПЦИЈА?

- Финасирањето на спортот со ваучер системот е добар и значително ги подобри условите за водење на спортски клубови и федерации, а со тоа и постигнување поголеми резултати, но ***начинот на бодување на обрасците за аплицирање е премногу универзален и не ја отсликува секогаш реалната состојба*** за тоа кој колку средства би требало да добие;
- ***Нема механизам за жалби доколку се случи неправилно бодување***, а таков мора да постои;
- Потребно е да постои ***повеќе контрола врз реализираните и потрошени средства*** од ваучер системот;
- Да се воведе ***„ваучер плус“ за млади категории***;
- Укинување на Агенции за стопанисување со спортски објекти и за млади и спорт и ***формирање на државна спортска федерација*** составена од претставници на сите спортски федерации;
- Преку ***ждрепка да се добива висината на сумата и фирмата*** која треба да го реализира ваучерот со цел да се одбегне провизија и корупција;
- Треба да се воспостави ***родова еднаквост***, бидејќи разликата во висината на ваучерите доделени на најдобрата екипа во женска и машка конкуренција е 1:4 во полза на машките екипи;
- ***Ограничување на трошењето на средствата*** на не повеќе од 20% за ангажирање на странски играчи, најмалку 30% од средствата да се трошат на развој на младите селекции;
- Преиспитување на ***критериумите, бидејќи се нејасни и нелогични*** критериумите за бодување;
- Предвидување на ***дополнителни даночни олеснувања за компаниите;***
- Износот се доделува селективно, ***без вистинска контрола на впишаните податоци во барањето;***
- Средствата да се доделат ***во пари, а не како ваучер;***
- Актуелните начини се добри, само ***треба да се зголеми транспарентноста и инклузивноста*** во процесите;
- Помагање на помалите клубови со опрема за тренирање и реквизити, ослободување од надоместок на сали и терени, покривање на службени лица за натпревари и сл.;
- Средствата да се издвојуваат ***од данок на фирми по автоматизам;***
- Предлог преку ***акцизата на горивото*** би било најдобро и би се издвојувале повеќе средства доколу сакаме да имаме здрава младина и квалитетен спорт, кој ќе биде конкурентен на европските држави;
- Наместо ваучер пак ***да се врати старата форма за даночно ослободување од страна на УЈП;***
- Половина од сумата да ја реализира УЈП, половина корисникот на ваучер;
- Да се обврзе ***секоја фирма што плаќа данок на добивка, наместо кај државата тие пари да одат во спортските клубови;***
- Да се најдат и ***други извори на финансирање***: преку продажба на ТВ права, ослободување од данок на фирми кои спонзорираат;
- Ваучер системот е добар, но треба да се усовршат критериумите и ***да се воведе минимум за секоја лига;***
- Секоја федерација и Агенција за млади и спорт треба ***линеарно да финансираат дел од трошоците на клубот,*** за да имаат подобар и поквалитетен развој во спортот;
- ***Нов Закон за спорт***, кој ќе предвидува регулирање на преминот на клубовите од здруженија на граѓани во приватни;
- Доделувања средства преку акцизата на горивото - да се одвојува ***од секој потрошен литар бензин 1 денар*** за спорт;
- Да се промени ***Законот за спонзорство и донации,*** при што фирмите кои би спонзорирале клуб да можат до 5% од вкупниот приход да го уплатат во клубот и притоа тој износ да не биде пресметан во вкупниот приход при изготвување на завршната сметка, со што би се избегнало оданочувањето на овој одвоен износ;
- Од вкупниот приход што го заработува државата од ***приредувачите на игри на среќа*** одреден процент, на пример 10%, да го насочи преку федерациите до спортските клубови кои се натпреваруваат во младинските лиги, со цел да се стимулира работа со млади категории;
- Воведување на ***спортски данок*** т.е. 20% од даночните обврски на сите даночни обрзници задолжително да се доделат на спортот;
- За помалите места важно е да се предвидат ***средства во буџетот на општината*** за финансирање на општинските младински школи и клубови;
- Со воведувањето на ваучер системот, класичното спонзорство на стопанските субјекти во спортот речиси замре. Од тие причини треба да се овозможи на стопанството да има поголемо даночно ослободување, како би се овозможило да има поголем интерес за спонзорства во спортот;
- Дел од ***акцизата за алкохолни пијалоци и цигари*** треба да биде пренасочена во спортот;
- Зајакнати критериуми: најмалку 5 години да биде член на федерацијата; најмалку 5 години да се натпреварува без прекин по добиените ваучери, во спротивно секој клуб да ги врати средствата од добиениот ваучер на државата; според рангот каде што учествува клубот; според на бројот на младинските екипи;
- Финансиска проверка на работењето на апликантот, федерациите како предлагачи за соодветен спортски субјект затоа што и таму си делат приоритети и скенирање на целокупното опкружување на апликантот;
- Контролата ќе помогне да се спречат воочени појави: еден човек формирал 3 клубови и веќе со години живее од таа измама; има фирми каде свесно и плански си формираа клубови за истата цел и ги користат ваучерите.

# III. ДЕЛ

## ЗАКЛУЧОЦИ, ПРЕДЛОЗИ И ПРЕДИЗВИЦИ

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОЗИ

### ВО ОДНОС НА ПРАВНАТА РАМКА:

- Измена на Законот за спорт, со цел зајакнување на критериумите за доделување ваучери или обмислување на друг начин за финансирање на спортот.
- Законски измени за поцврста контрола врз правните лица кои ги реализираат ваучерите.

### ВО ОДНОС НА ВАУЧЕР СИСТЕМОТ:

- Ваучер системот за финансирање на спортските субјекти е добра замисла којашто во практиката не се спроведува на соодветен начин.
- Начелата на транспарентност и отчетност во однос на доделување на ваучерите воопшто не се почитуваат.
- Средствата за ваучерите се пари од државниот буџет во кој партиципираат граѓаните и државата има обврска да биде отчетна за начинот како се користат средствата.
- Неопходно е да постои ефективен и контролабилен систем на финансирање на спортот.
- Нужно е доследно почитување на пропишаните критериуми за добивање на ваучерите.

### ВО ОДНОС НА НАЧИНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ:

- Да се направи длабинска анализа за други облици на субвенционирање на спортските активности (директно УЈП да ги реализира ваучерите без инволвирање на правни лица, да се размисли за субвенционирање на спортот со процент од ДДВ, од акцизни стоки, од организатори на игри на среќа и сл.).



## ПРЕДИЗВИЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

### НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ

Се поставува прашањето дали е докрај јасно кој функционер е надлежен да го донесе Правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на ваучерот за користење на средствата од даночното ослободување (Службен весник, бр. 120/2019 од 13.06.2019 година).

Овој правилник е донесен врз основа на член 14-г, став 5 од Законот за спорт, каде е пропишано дека правилникот го носи функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

Надлежностите на Агенцијата за млади и спорт се пропишани со членот 30 од **Закон за организација и работа на органите на државната управа** (Службен весник бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19).

Агенцијата е самостоен орган на државна управа, таа има својство на правно лице, и согласно чл. 6 од **Законот за организација и работа на органите на државната управа** таа за својата работа одговара на Владата на Република Македонија и на соодветното министерство, а тоа е Министерството за правда.

Во однос на спортот Агенцијата за млади и спорт е надлежна за:

- следењето на спортските и спортско-рекреативните активности од областа на спортот;
- следењето на развојот на врвниот спорт, и
- други работи утврдени со закон.

Освен образецот со изгледот на ваучерот, Правилникот пропишува дека од страна на Централната комисија за евалуација на предлог-листата со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат Националните спортски федерации кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за спорт и Законот за данок на добивка се известуваат Националните спортски федерации и правните лица кои имаат решение за вршење на дејност спорт за подигнување на ваучерите.

Овластено лице од Националната спортска федерација и правното лице кое има решение за вршење на дејност спорт ги подигнува ваучерите од Агенцијата за млади и спорт најдоцна три дена од денот на добиеното известување. Националната спортска федерација треба најдоцна пет дена од денот на подигнувањето на ваучерите, истите да ги достави до спортските клубови и активните спортисти кои се натпреваруваат во индивидуални спортови.

Законот за спорт пропишува дека органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот подготвува и утврдува предлог-листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат Национални спортски федерации кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно Законот за данок на добивка, а не Централната комисија за евалуација на предлог–листата, којашто ја има оваа надлежност согласно Правилникот.

Секоја Национална спортска федерација формира комисија која подготвува предлог-листа со која се вреднуваат, верифицираат и рангираат спортски клубови и активни спортисти кои ги исполнуваат критериумите за користење на средствата од даночното ослободување согласно со ставот 2 точки б) и в) на овој член и Законот за данок на добивка.

## ПОВРЕДА НА НАЧЕЛАТА НА ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Ако се има предвид дека средствата за ваучерите се издвојуваат од Буџетот на државата, отчетноста и транспарентноста мора да бидат примарни.

Транспарентноста и отчетноста подразбираат доследно почитување на законските обврски за објавување на листите на веб страниците, редовно ажурирање на податоците според потребите, достапност на релевантни податоци со цел следење на целите за кои се користат буџетските средства, објавување на извештаите согласно законските обврски и сл.

Непочитување на обврските од Законот за пристап до информации од јавен карактер претставува еклатантен пример за нетранспарентност, што е недозволливо за орган кој распределува буџетски средства, иако нема својство на државен орган, туку е самостоен орган.